# Извадок на дел дневните настани 19.08.2022

На 18.08.2022 СВР Штип согласно оперативниот план „Безбедно лето 2022", презеде низа мерки и активности во областа на недозволената трговија со дрога, при што лишени се од слобода М.М.(30), Ж.М.(21), Н.Т.(18), Г.С.(19), С.Г.(18), Д.А.(19) и Ф.Т.(19). При извршени прегледи, претреси на домови и патнички возила кај нив била пронајдена марихуана, како и остатоци од други наркотични дроги и прекурсори. Истиот ден, при извршена контрола во Казнено - поправниот дом Затвор Штип била пронајдена и одземена прашкаста материја. При контрола на угостителски објект затекнати биле седум малолетници по 24.00 часот и тие биле предадени на родителите. По комплетирање на случаите против лицата од страна на СВР Штип ќе бидат поднесени соодветни пријави.

На 18.08.2022 во 08.00 часот на Граничниот премин „Богородица" на излез од државата при извршена гранична проверка на А.З.(30) од Саудиска Арабија, кој управувал возило со грчки национални ознаки, било констатирано дека возачката дозвола била фалсификувана. Тој е лишен од слобода и предаден на полициски службеници за понатамошна постапка. За случајот е известен Јавен обвинител.

На 19.08.2022 во 02.30 часот на граничниот премин „Табановце" од полициски службеници е лишен од слобода К.Ф.(29). Тој при пасошка контрола приложил туѓа албанска патна исправа на име Д.М.(25). Лицето било предадено на полициски службеници од Полициска станица Куманово за понатамошна постапка.

На 18.08.2022 во рамки на засилените акциски контроли во областа на сообраќајот,
на територија на град Скопје изречени се вкупно 204 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 32 санкции, 21 мерка за возење без возачка дозвола, 53 санкции за прекршоци што ги прават возачите на мотоцикли. Изречени се пет мерки за користење мобилен телефон, 10 санкции за нерегистрирани возила, шест мерки за минување на затворен сигнал (црвено светло)...

Во текот на вчерашниот дел во периодот од 10 до 15 часот спроведена е засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на прекршоци што ги прават возачите на мотоцикли, при што санкционирани се 231 возач. Од нив, 168 возачи не користеле заштитна кацига за време на возење, 28 возеле без возачка дозвола, 49 возачи се исклучени од сообраќај, четири мотоцикли се одземени, а санкционирани се и други прекршоци.

На 18.08.2022 Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 211 возачи. Од нив, 13 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа, 96 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 115 надвор од населено место.

На 18.08.2022 во 15.50 часот во СВР Тетово е пријавено дека на регионалниот пат Маврови Анови - Дебар, во месноста „Жировничко анче", патничко возило „сузуки свифт" со скопски регистарски ознаки, што го управувал Љ.Ј.(67) од Скопје излетало од коловозот. Во несреќата, возачот се здобил со тешки телесни повреди од кои починал на самото место. Смрт констатирал лекар од Здравствен дом Ростуше. Јавен обвинител и екипа од Одделението за внатрешни работи Гостивар извршиле увид на местото на несреќата.

На 19.08.2022 во 04.20 часот било пријавено дека на крстосницата од бул.„Мајка Тереза" со ул.„Тодор Александров" и ул.„Белградска" патничко возило „форд мондео", со скопски регистарски ознаки, управувано од малолетник од Скопје, удрило во метална канделабра и бетонска жардињера. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобиле малолетникот што го управувал возилото и уште тројца малолетни сопатници, од кои еден од Струмица, двајца од Скопје, констатирани во Градската општа болница „8 Септември" и Комплекс клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 18.08.2022, во периодот од 10.00 до 15.00 часот, на подрачјето на СВР Штип спроведена е акциска контрола на прекршоци кои ги прават возачите на мотоцикли. Притоа, биле изречени санкции за 32 прекршоци, од кои 26 за неносење заштитен шлем, 2 за управување без возачка дозвола, 2 за измината важност на сообраќајната дозвола, 1 за измината важност на осигурителната полиса и 1 друг вид на прекршок. Одземени се два мотоцикли согласно чл.344 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата. Истиот ден, на подрачјето на СВР Штип полициски службеници спроведоа акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 8 прекршоци. Санкционирани биле и 16 други видови на прекршоци, од кои 10 за управување возило без возачка дозвола, 1 за управување возило под дејство на алкохол и 5 за непрописно паркирање.

На 18.08.2022 во 11.40 часот било пријавено дека на 17.08.2022 околу 07.30 часот на ул.„Лазар Личеноски" се случила сообраќајна несреќа помеѓу мотоцикл „јонвеј", управуван од А.К.(44) од Скопје, патничко возило „ауди", управувано од М.С.(27) од Куманово и мотоцикл „пијаџо", управуван од В.Ц.(40) од Скопје, сите со скопски регистарски ознаки. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил А.К., констатирани во Градската општа болница „8 Септември". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 18.08.2022 од 10.00 до 15.00 часот, на подрачјето на СВР Охрид спроведени се акциски сообраќајни контроли кон возачите на мотоцикли, трицикли и четирицикли. Притоа, полициските службеници евидентирале 44 прекршоци, најчесто за неносење заштитна кацига (Охрид-29, Струга- 05, Кичево-04, Дебар-06,) Против нив се поднесени прекршочни платни налози.

На 18.08.2022 во 16.25 часот било пријавено дека на бул.„Илинден" се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „мерцедес", со кочански регистарски ознаки, управувано од К.К.(27) од Кочани и трицикл „томос", управуван од Е.Р.(35) од Скопје. Во несреќата Е.Р. се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 18.08.2022 година во 21.45 часот на ул.„Страшо Пинџур" во Кавадарци патничко возило „ауди", со кавадаречки регистарски ознаки, управувано од Р.С.Р.(18) од Градско, излетало од коловозот. Во незгодата, со тешки телесни повреди се здобила Р.С.Р., констатирани во ЈЗУ Општа болница Кавадарци. Увид извршила увидна екипа од ОВР Кавадарци.

На 18.08.2022 во 00.20 часот во Полициската станица Аеродром, И.С.(58) од Скопје пријавил дека на бул.„Февруарски поход" бил каснат од куче скитник.

На 18.08.2022 во 08.35 часот било пријавено дека на крстосница од регионален пат Велес – Скопје, со локален пат од с.Марино кон с.Идризово се случила сообраќајна несреќа во која учествувало патничко возило „рено ", со скопски регистарски ознаки, управувано од В.К.(78) од Скопје и патничко возило „шкода јети", сопственост на МВР. Во несреќата со телесни повреди се здобиле полициска службеничка која била сопатничка во возилото „шкода јети" и возачот на „рено", В.К., констатирани во Комплекс клиники „Мајка Тереза" каде им била укажана лекарска помош. Увид извршила екипа СВР Скопје.

На 18.08.2022 во 20.00 часот во Полициската станица Гази Баба, З.З.(57) од Скопје пријавил дека на ул.„Лазар Поп Трајков" бил каснат од куче скитник.

На 19.08.2022 во Прилеп, полициски службеници од СВР Битола, Одделение за криминалистичка полиција Битола, Полициска станица Битола, во координација со Полициското одделение за безбедност на патниот сообраќај Прилеп и Надворешната канцеларија за криминалистички работи Прилеп го лишиле од слобода Б.Н.(29) од Штип. За него била распишана потерница по наредба од Основен суд Штип со која се бара за издржување на казна затвор за извршени повеќе тешки кражби, насилства и разбојништва во повеќе градови во период од три години. Тој бил приведен во полициска станица Битола за понатамошна постапка, по што ќе биде спроведен во казнено-поправна установа за издржување на казната.

Денеска (19.08.2022) околу 09.30 часот во СВР Тетово е пријавено дека на улица „Иво Лола Рибар" во Тетово патничко возило „опел виваро", со тетовски регистарски ознаки, управувано од Ж.Р.(47) од Тетово удрило во Ж.А.(80) од Тетово. Во несреќата, пешакот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во тетовската Клиничка болница, каде бил пренесен за укажување на лекарска помош. На местото на несреќата увид извршила екипа од Секторот за внатрешни работи Тетово.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против Т.Г. (24) и К.М. (20), двајцата од Кочани, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". Во август 2021 година, пријавените неовластено набавиле семки и одгледувале марихуана во Кочани.

На 18.08.2022 во 09.00 часот Д.Г.(38) од Струмица пријавил дека околу 07.30 часот во угостителски објект во Струмица во кој работел, бил физички нападнат од К.Н.. Се работи на расчистување на случајот.

На 18.08.2022 во 21.10 часот Љ.С.(28) од Богданци пријавил дека пред угостителски објект во Богданци бил физички нападнат од К.П. од Богданци. Се работи на расчистување на случајот.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Д.С. (55) од Скопје, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „даночно затајување". Во текот на 2019 година, пријавениот како физичко лице, со намера да одбегне плаќање на данок на личен доход, реализираните приливи на својата трансакциска сметка не ги пријавил во поднесената задолжителна годишна даночна пријава до даночниот орган, иако бил должен да пресмета и да плати данок, за кој износ го оштетил Буџетот на Република Северна Македонија.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против П.С.(30) од Струга, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело ,,злоупотреба на лични податоци". Во текот на декември 2021, пријавениот со намера да се стекне со имотна корист, спротивно на условите утврдени со закон, во два наврата додека издржувал казна затвор во Казнено-поправната установа Штип, користејќи туѓи податоци без согласност на граѓанин, ги употребил податоците на С.Т. од Пробиштип и аплицирал за кредит во правно лице од Скопје при што се стекнал со противправна имотна корист.

На 18.08.2022 околу 12.40 часот на подрачје на Чаир од полициски службеници од СВР Скопје приведени се О.Д.(26), М.Б.(50), двајцата од Скопје и А.Б.(19) од Р.Германија, постапувајќи по пријава според која по претходна расправија, започнале меѓусебна физичка пресметка во која едно лице употребило и пиштол. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Полициски службеници на СВР Тетово на 18.08.2022 околу 23.30 часот во тетовско Седларево, го лишиле од слобода А.А.(60) од ова село, поради сомнение дека претходно, на свадбена свеченост, организирана од негов соселанец, пукал со огнено оружје и го нарушил јавниот ред и мир. Набрзо, повеќе лица кои присуствувале на свеченоста спречувале полициски службеници во вршење на службените дејствија, по што А.А. бил донесен во Полициската станица Тетово и му бил одземен пиштол „ЦЗ" со рамка со 6 куршуми калибар 7,65 милиметри, кој го поседувал без дозвола. По целосно расчистување и документирање на случајот, во координација со Јавен обвинител, ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против М.К.(24) од Кочани, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „разбојништво". На 07.06.2022 тој со употреба на сила одзел пари од Д.М. и неговата сопруга од Кочани.

На 18.08.2022 во 18.25 часот било пријавено дека на ул.„Беласица", на излез од паркинг простор, Д.Ѓ.(48) од Скопје, додека управувал велосипед, паднал на коловозот откако едно патничко возило му го попречило патот. Во несреќата велосипедистот се здобил со тешка телесна повреда, констатирана во Градската општа болница „Св.Наум Охридски". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 18.08.2022 околу 16.35, В.Д.(47) од Кавадарци во семејниот дом ја нападнал со остар предмет неговата сопруга, нанесувајќи ѝ повреда, по што и самиот се повредил. Лицата се пренесени во ЈЗУ Општа болница Кавадарци за укажување на лекарска помош. Увид на лице место извршил Јавен обвинител од Кавадарци со увидна екипа од ОВР Кавадарци.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Делчево поднесе кривична пријава против Б.С.(25) од Делчево, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „овозможување на употреба на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 05.01.2021 полициски службеници од ОВР Делчево, при извршена контрола во патничко возило „даеву тико", управувано од пријавениот, пронашле и одзеле марихуана.

На 18.08.2022 во 20.00 часот во Полициското одделение Сарај, Ј.И.(53) од с.Сарај, скопско, пријавил дека од домот се оддалечила неговата ќерка В.И.(22). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 18.08.2022 во 19.40 часот во Полициската станица Радовиш бил лишен од слобода Е.У.(33) од Радовиш, постапувајќи по пријава според која околу 18.45 часот во Радовиш, тој во нејзиниот дом допирал по телото 56-годишна радовишанка со здравствени проблеми. По целосното расчистување на случајот ќе следи соодветен поднесок.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Б.И.(30) од Скопје, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело ,,недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 02.08.2022, на граничен премин Блаце, пријавениот извадил пиштол и го вперил кон неколку лица, по што полициски службеници кај него пронашле пиштол и рамка со три куршуми и го привеле.

На 19.08.2022 во 02.58 часот во Полициска станица Драчево, С.Ш.(27) од с.Студеничани, скопско пријавил дека во с.Студеничани настанал пожар на патничко возило „БМВ", со бугарски национални ознаки, кое го поседувал М.Љ.(23) од с.Студеничани. Пожарот е изгаснат, повредени лица нема.

Единицата за економски и компјутерски криминал при СВР Скопје поднесе кривична пријава против С.Р.(27) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело ,,фалсификување исправа", по чл.378 ст.1 од Кривичниот законик. Имено, пријавениот иако знаел и бил свесен дека не поседува валидна возачка дозвола за управување со моторни возила од B, C1, C, C1E, CE, F, G и M категорија, истиот во текот на 2021 година прибавил фалсификувана возачка дозвола за управување на моторни возила со B,C, C1, C1E, CE, F, G и M категорија.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет